Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 2, а во врска со член 28, став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 22 мај 2020 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

## Член 1

Во Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/20), членот 3 се менува и гласи:

„Највисоката основна цена $C_{max}$ за секој нафтен дериват од член 2 од овој Правилник се пресметува по следната формула:

$$C_{max} = \left[\left(\frac{\sum_{i=1}^{n} FOB\ Med_i\ *\ K_i}{n} + P * K_i\right) * \frac{\rho_e}{\rho_d} + T * K_i\right] * \frac{\rho_d}{1000} + D$$

каде:

| | | |
|---|---|---|
| $C_{max}$ [MKD/ℓ] | - | највисока основна цена на нафтениот дериват, |
| $FOB\ Med_i$ [USD/t] | - | средна дневна берзанска цена на нафтениот дериват, објавена во Platts European Marketscan, за *i*-тиот ден од пресметковниот период, |
| $K_i$ [MKD/USD) | - | среден курс MKD/USD, кој го објавува Народната Банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: НБРСМ) при вршење на платниот промет со странство за потребите на државните органи, за *i*-тиот ден од пресметковниот период, |
| *i* | - | индекс што го означува денот во пресметковниот период, |
| $n$ | - | број на денови во пресметковниот период за кои се објавени средни дневни берзански цени на нафтениот дериват (*FOB Med*), |
| $\rho_d$ [kg/ℓ] | - | деескалирана густина на нафтениот дериват, |
| $\rho_e$ [kg/ℓ] | - | ескалирана густина на нафтениот дериват, |
| $P$ [USD/t] | - | надоместок за премија, |
| T [USD/t] | - | транспортни трошоци до склад во Република Северна Македонија, |
| $D$ [MKD/ℓ] | - | надоместок за трошоци за работење преку склад и трговска маржа, со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи.” |

**Член 2**

Во членот 5 ставот (1) се менува и гласи:

„Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), врз основа на податоците од Царинската управа на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Царинска управа), како и податоците добиени од следењето на состојбите и функционирањето на пазарот, двапати годишно донесува одлука за определување на ескалираната густина $\rho_e$ и деескалираната густина $\rho_d$, на секој нафтен дериват и гориво за транспорт од член 2, став (1) од овој правилник, со исклучок на мазутот М-1, како и за висината на надоместокот P за премија, транспортните трошоци Т до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи.“

**Член 3**

Членот 9 се менува и гласи:

„(1) Од 26 мај 2020 година до 26 октомври 2020 година, надоместокот за премијата P:

- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 95 изнесува 72 USD/t,
- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 98 изнесува 114 USD/t ,
- за дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) изнесува 53 USD/t,
- за масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) изнесува 55 USD/t ,
- за мазут М-1 изнесува 65 USD/t .

(2) Од 26 мај 2020 година до 26 октомври 2020 година, највисокиот надоместок Т за транспортни трошоци до склад во Република Северна Македонија:

- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 95 изнесува 20 USD/t ,
- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 98 изнесува 20 USD/t ,
- за дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) изнесува 20 USD/t,
- за масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) изнесува 20 USD/t
- за мазут М-1 изнесува 20 USD/t.

(3) Од 26 мај 2020 година до 26 октомври 2020 година највисокиот надоместок D за секој нафтен дериват, освен за Мазут М-1, во вкупен износ од 6,25 MKD/l, се пресметува како збир од следните највисоки надоместоци за трошоци за работење преку склад, трговска маржа, и транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи:

- трошоци за работење преку склад во износ од 1,00 MKD/l,
- трговска маржа во износ од 4,50 MKD/l,
- транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи во износ од 0,75 MKD/l.

Надоместокот D за Мазут М-1 изнесува 2,5 MKD/kg и тој не го содржи надоместокот за трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи.

(4) Од 26 мај 2020 година до 26 октомври 2020 година деескалираната густина $\rho_d$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт од член 2, став (1) на овој Правилник, со исклучок на мазутот М -1:

- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 95 изнесува 0,741 (kg/l),
- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 98 изнесува 0,746 (kg/l) ,
- за дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) изнесува 0,823 (kg/l) и
- за масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) изнесува 0,824 (kg/l),

(5) Од 26 мај 2020 година до 26 октомври 2020 година, ескалираната густина $\rho_e$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт од член 2, став (1) на овој Правилник, со исклучок на мазутот М-1:

- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 95 изнесува 0,755 (kg/l),
- за моторен бензин ЕУРОСУПЕР БС – 98 изнесува 0,755 (kg/l),
- за дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) изнесува 0,845 (kg/l), и
- за масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) изнесува 0,845 (kg/l).

(6) Регулаторната комисија за енергетика првата одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени, во согласност со овој Правилник, ја донесува првиот работен ден по денот на влегување во сила на овој Правилник, а ќе се применува од следниот работен ден во 00:01 часот.”

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе отпочне да се применува од 26 мај 2020 година и ќе се објави во “Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**Бр. 01-1259/1** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**22 мај 2020 година** **Марко Бислимоски**
**Скопје**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Согласно член 24, став (1), точка 1), алинеја 2, а во врска со член 28, став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) е надлежна за донесување на Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт.

Со овој Правилник се уредуваат неколку измени и дополнувања во начинот на пресметка, објавување и примена на највисоките малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт во Република Северна Македонија, кои ги применуваат трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт.

Деескалираните густини на нафтените деривати се одредени врз основа на податоците добиени од Царинската управа за просечните вредности на густините од сертификатите за квалитет на нафтените деривати коишто трговците со нафтени деривати ги поднесуваат при увоз на дериватите и врз база на кои вршат и плаќање на акцизата. Врз основа на податоците добиени од следењето на состојбите и функционирањето на пазарот, како и документацијата доставена од компаниите учесници на пазарот со нафтени деривати, дефинирани се ескалираните густини на нафтените деривати, коишто се користат во финансиското и комерцијалното работење. Вредностите за двете густини се применети при пресметката на највисоката основна цена $C_{max}$ за секој нафтен дериват од член 2 од овој Правилник.

Врз основа на податоците добиени од следењето на состојбите и функционирањето на пазарот, извршено е намалување на трговската маржа на износ од 4,50 MKD/ℓ, односно извршено е намалување за 0,3 MKD/ℓ, односно 6,3% во однос на износот на трговската маржа од 4,50 MKD/l одредена во Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/20). Регулаторната комисија за енергетика оценува дека со трговската маржа во износ од 4,50 MKD/ℓ ќе се обезбеди финансиска стабилност во работењето на компаниите – учесници на пазарот на нафтени деривати во Република Северна Македонија во наредниот период. Трговските маржи во изминатата година дена изнесуваа: 4,8 MKD/ℓ во периодот мај 2019 – октомври 2019, 4,6 MKD/ℓ во периодот октомври 2019 – 24 април 2020, 4,8 MKD/ℓ во периодот 24 април мај 2020 – 22 мај 2020.

Останатите износи на надоместоци коишто покрај трговската маржа го сочинуваат највисокиот надоместок D за секој нафтен дериват, имаат исти вредности со оние одредени во октомври 2019 година, односно во април 2020 година и објавени во Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 108/20). Поточно, надоместокот за трошоците за работење преку склад има износ 1,00 MKD/ℓ, а надоместокот за транспортните трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи има износ 0,75 MKD/ℓ.

Врз основа на сите расположиви податоци добиени од Царинската управа, како и податоците од функционирањето на пазарот, Регулаторната комисија за енергетика оценува дека нема потреба за менување на износите на надоместоците за премијата со вклучени транспортни трошоци во износ од 20 USD/t, до склад во Република Северна Македонија, за секој нафтен дериват поединечно, одредени

во октомври 2019 година, односно  во април 2020 година и објавени во Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 108/20).

Надоместокот D за Мазут М-1 изнесува 2,5 MKD/kg  и тој не го содржи надоместокот за трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи.

Највисоката основна цена $C_{max}$ за секој нафтен дериват одредена според овој Правилник врз основа на берзанските цени на нафтените деривати и курсот на USD на 18 мај 2020 изнесува 0.333 ЕУР за бензин BS95 и 0,347 ЕУР за дизелот и е пониска од просечните основни цени на дериватите во земјите од ЕУ, кои изнесуваат 0,367 ЕУР за бензин и 0,407 ЕУР за дизел (https://ec.europa.eu/ energy/ observatory/reports/latest_prices_without_taxes.pdf). Основните цени на нафтените деривати во соседните земји изнесуваат: во Бугарија 0,318 ЕУР за бензин, 0,344 ЕУР за дизел, во Хрватска 0,358 ЕУР за бензин и 0,426 ЕУР за дизел, во Грција 0,359 ЕУР за бензин и 0,463 ЕУР за дизел.